Центар за Економски Анализи - ЦЕА

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОДОТ 2013 - 2016



www.cea.org.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - Скопје
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
бул.Александар Македонски 66, 1000 Скопје
тел. ++389 2 3 22 66 55, факс ++389 2 3 23 89 66
www.gazibaba.gov.mk e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

# СТУДИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОДОТ 2013 – 2016

Центар за Економски Анализи - ЦЕА
www.cea.org.mk

## СОДРЖИНА:

1. ВОВЕД 4
2. ПРИНЦИПИ И ФАЗИ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОГБ 4
3. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА ЛЕР СТРАТЕГИЈАТА 5
4. ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОГБ 8
5. ДЕМОГРАФСКИ ПРОФИЛ НА ОГБ 11
6. ПРОФИЛ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОГБ 12
7. ПРОФИЛ НА РАБОТНА СИЛА ВО ОГБ 21
8. БИЗНИС ПРОФИЛ НА ОГБ 22
9. АНАЛИЗА НА АСПЕКТИ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОГБ 27
10. СВОТ АНАЛИЗА НА ОГБ 30
11. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ОГБ 34
12. ФАКТОРИ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОГБ 34
13. ИНТЕГРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ОГБ СО ФИНАНСИСКИОТ ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ НА ОГБ И СО ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОГБ 35

АКЦИОНЕН ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА 36

## БЛАГОДАРНОСТ

Општина Гази Баба се заблагодарува на членовите на ЛЕР тимот, на бизнис заедницата и на граѓаните за укажаната подршка и учеството во изработката на овој стратешки документ. Членови на ЛЕР тимот беа:

**Тело за донесување на одлуки на ЛЕР тимот:**
Сашо Трајков, Тим лидер, Раководител на сектор за ЛЕР
Марика Зафировска, Раководител на сектор за финансиски прашања
Светлана Јовановска, Раководител на сектор за урбанизам и градежно земјиште
Емилија Ѓурчиновска, Раководител на сектор за подршка на Градоначалникот
Тодор Петров, Заменик раководител на сектор за подршка на градоначалникот
Сашо Митевски, Раководител на одделение за комунални работи
Надица Трајковска, Сектор за животна средина
Д-р Марјан Николов, Претседател на ЦЕА

**Советодавно тело на ЛЕР тимот**
Милорад Петровски, Факом
Митко Митевски, Стопанска комора на РМ
Зоран Костовски, Алкалоид
Ненад Митевски, НВО Млади инфо
Благица Буневска, НВО Млади Инфо
Сузана Тасева, ОУ Григор Прличев
Виолета Манчева, Центар за жени претприемачи
Ердуан Мекиќ, Центар за жени претприемачи
Младен Дамев, Сковин
Никола Соколовски, х. Континентал
Елена Ивановска Видиковска, Макстил
Наташа Петкова, ПСМ Инкубатор
Димо Ристовски, Техногас
Владо Менков, УЗ Маџари

## 1. ВОВЕД

Општина Гази Баба-ОГБ започна нов стратешки циклус во управувањето со донесување на акционен план со проектни решенија со кои ќе делува проактивно на локалниот економски развој за периодот 2013-2016 година. ОГБ проактивно го унапредува својот процес на стратешко планирање на локален економски развој-ЛЕР и тоа во три димензии: **методолошки, аналитички и програмски аспект.** Клучно за сите три димензии е дека граѓанинот на ОГБ е на прво место, а сите други аспекти се концентрични поставени согласно потребите на граѓаните на ОГБ.

Целта на овој проект беше изработка на стратегија за локален економски развој со акционен план за конкретни проекти.

Со овој проект требаше да се:

1. Изработи економска анализа на акциониот план на ЛЕР стратегијата врз основа на оценетиот фискален капацитет на ОГБ,
2. Изработи ЛЕР стратегија за ОГБ,
3. Изработи потстратегија за рурален развој на ОГБ,
4. Инволвираат сите заинтересирани страни во процесот на изработка на стратегијата за ЛЕР,
5. Зголемат капацитетите на администрацијата во ОГБ за време на изработка на стратегијата за ЛЕР,
6. Вработат современи светски трендови во процесот на изработка на стратегијата за ЛЕР,
7. Почитуваат спецификите во Република Македонија и ОГБ при изработка на стратегијата за ЛЕР.

По сите 7 точки се постигна напредок, а се донесоа и следниве документи кои беа усвоени од ЛЕР Тимот:

1. Анализа и оценка на фискален капацитет на ОГБ,
2. Спроведување на анкета и анализа на бизнис заедница на ОГБ,
3. Изработка на база на податоци во СПСС,
4. СВОТ анализа,
5. Визија и стратешки цели на ОГБ,
6. Акционен план со програми и проекти,
7. Потстратегија за рурален развој.

## 2. ПРИНЦИПИ И ФАЗИ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОГБ

Процесот на изработка на стратешкиот план за ЛЕР на ОГБ почиваше на принципите за:

1. Граѓанинот на ОГБ е центарот кој го овозможува и кон кого е насочен ЛЕР на ОГБ,
2. Партиципативност на граѓанинот на ОГБ,
3. Одржливост на ЛЕР на ОГБ,
4. Инволвираност на сите заинтересирани страни,
5. Консензус од сите заинтересирани страни,
6. Транспарентност на процесот,

7. Активна вклученост на ОГБ администрација,
8. Интегрирање на финансискиот дел од буџетот на ОГБ со стратешко планирање на ОГБ,
9. Ограниченост на ресурси и фискален капацитет на ОГБ.

Стратешкото планирање за ЛЕР мора да ја признае динамичноста на развојот на ОГБ и поради тоа да обезбеди интегрираност на ЛЕР планирањето со останатите стратешки процеси во ОГБ, а особено со буџетското планирање т.е. финансискиот дел од буџетот.

Во проценките особено корисна беше алатката МФСА развиена од Светска Банка, а која активно се користи во ОГБ. Со оваа алатка се овозможува повеќе-годишна анализа на социо-економијата на ОГБ како и можноста за повеќегодишно планирање на капитални проекти.

Проектот за изработка на стратегија за ЛЕР и профил на ОГБ се базираше на пет главни фази за стратешко планирање на ЛЕР и тоа:

1. Организирање на проектот,
2. Оценка на потребите на локалната економија,
3. Изработка на стратегијата за ЛЕР за ОГБ,
4. Изработка на акциони планови за имплементација на стратегијата и
5. Изработка на стратегија за мониторинг и евалуација на имплементацијата на стратегијата.

Понатаму во овој документ ќе биде опишан подетално методолошкиот пристап при изработка на ЛЕР стратегијата, инструментите и анализите кои се користеа, сегменти од анкетното истражување на бизнис заедницата во ОГБ, профилите на бизнисите и граѓаните на ОГБ, СВОТ анализата, визијата, стратешките цели и акциониот план со проектните решенија за периодот 2013 – 2016 година.

Детален извештај од сите активности, работни материјали, записници и друго, се достапни по барање на сите заинтересирани преку ЛЕР тимот на ОГБ и Тим Лидерот на contact@gazibaba.gov.mk. Дел од документите се прикажани во прилозите на овој документ.

## 3. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА ЛЕР СТРАТЕГИЈАТА

Локалниот економски развој е комплексен процес во кој засегнатите страни работат заедно, со цел создавање поволни услови за економски раст и креирање нови работни места. Со помош на овој процес тие треба да воспоставаат и да одржуваат динамична претприемачка култура, во правец на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на ОГБ.

Изработка на ЛЕР стратегија мора да биде процес кој ќе биде специјално дизајниран и прилагоден на соодветната општина. Секоја национална економија и секоја општина се интегрирани и не можат да се анализираат одвоено но секоја општина си има и свои специфики кои

мора да бидат земени во предвид во целиот процес на изработка на ЛЕР стратегија.

Во Република Македонија е позната силната **корелација помеѓу бизнис циклусот и политичкиот циклус**, па поради тоа и временскиот хоризонт на оваа ЛЕР стратегија е корелирана со локалниот политички циклус и се однесува за периодот 2013-2016 година.

Понатаму, Република Македонија веќе е во завршна фаза на транзицијата и не може да се применат пристапите за подготовка на ЛЕР стратегии од пред 10-тина години кога тие подготовки беа претежно донаторски придвижувани и правени со иста методологија за секаков тип на држави. Таквите стратегии се правеа со мала партиципација и претежно во канцеларии на консултантите за многу кратко време. Тоа беше времето на **првата генерација на ЛЕР стратегии во Македонија**.

Понатаму во **втората генерација на ЛЕР стратегии во Македонија** акцентот беше на бизнис заедницата и со самото тоа со понизок приоритет за потребите на граѓаните како и за потребите за одржлив развој т.е. заштита на животната средина.

Во Центар за економски анализи сме на мислење дека потребен е **сосема нов пристап** кон креирање на економски политики во Република Македонија на централно и локално ниво во кој пристап **во центарот на стратегиите ќе биде граѓанинот.**

**Во центарот на ЛЕР на ОГБ за 2013-2016 година е граѓанинот на ОГБ.** Граѓаните на ОГБ се потенцијалот за **работна сила**, тие со нивното **образование** се основа и фактор за **конкурентност на бизнисите**, тие со повисоко образование се основа за политичка партиципација, тие ги бираат политичките претставници и ги оценуваат и вреднуваат **квалитетот на услугите** од ОГБ. Конечно, граѓаните на ОГБ преку нивната перцепција за **квалитет на живот и среќа** ќе ја детерминираат и **привлечноста за живеење**[1] **(liveability of city)** во ОГБ (на пример се мери преку стабилност, здравство, култура и животна средина, образование и инфраструктура). Во оваа ЛЕР стратегија го признаваме и значењето на **просторното урбанистичко планирање** како основа за постигнување на целите од засебните проекти и како синергија за постигнување на целите од сите проекти во една силно **интегрирана просторна заедница на ОГБ**.

Ова е пристапот кој ќе го следиме при креирањето на оваа стратегија. Овој пристап се карактеризира со почитување на урбанистичките планови, висок степен на партиципација од страна на граѓаните, нула толеранција за загадувањето на животната средина, зголемена зелена површина по глава на жител, образовани граѓани како основа за конкурентна работна сила и одржлив економски развој. На овој начин се обезбедува продуктивен и конкурентен фактор за производство за

---

[1] Види на пример: http://www.eiu.com/site_info.asp?info_name=The_Global_Liveability_Report.

бизнисите во ОГБ како и образовани граѓани кои активно партиципираат во политичките циклуси.

Овој методолошки пристап со генерална анализа ги илустрираме на следната слика.




Слика. Методолошки пристап за изработка на ЛЕР стратегија на ОГБ[2](trademark CEA)

**Граѓаните** на една локална и национална економија се основен фактор на социо-економско и политичко живеење. Тоа живеење треба да биде со одреден квалитет кој е дефиниран пред се од услугите од јавниот сектор и од општествената одговорност на бизнис заедницата. Бизнис заедницата и граѓаните во една единица на локална самоуправа-ЕЛС ги остваруваат своите цели во просторот на ЕЛС. **Просторот како фактор на ЛЕР** на една ЕЛС е уреден преку просторните планови. Граѓаните на една ЕЛС се основни носители на сите активности во просторот на ЕЛС преку нивната демографска виталност. Оттука **демографијата** на населението на ОГБ е друг важен фактор за одржлив ЛЕР на ОГБ. Граѓаните во современи услови за да може да бидат конкурентни, активно да учествуваат во политичкиот живот и да понудат квалитет на пазарот на **работна сила** треба да бидат со квалитетно **образование** и современи вештини. Граѓаните треба да се грижат за **животната средина** и тоа со себе да го понудат и во **бизнис** секторот. Бизнис сопственичите преку **општествена одговорност** исто така придонесуваат кон **квалитетен живот**.

Понатаму ќе ги анализираме подетално овие фактори и ќе го примениме овој методолошки пристап за да преку СВОТ анализата дојдеме до

[2] Методологија и анализа на ЛЕР стратешки пристап за ОГБ е развиен од Центар за економски анализи-ЦЕА.

дефинирање на Визијата на ОГБ и стратешките цели на ОГБ како и акциониот план со конкретните проектни решенија.

## 4. ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОГБ

### *ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ*

Во Декември 2012 година се донесе новиот ГУП за град Скопје за стратешкиот период 2012 – 2022 година. Со истиот се наметнаа неколку суштински промени кои квалитативно ќе го подобрат и унапредат просторното планирање. Прво целата територија на градот Скопје се подели на 162 квартови од кои 27 квартови се лоцирани на територијата на ОГБ. Квалитативната промена што ја носи новиот ГУП е можноста за зонско планирање во рамките на дефинираните квартови, што во голема мерка ќе ја зголеми флексибилноста и функционалноста на просторот како во однос на жителите на ОГБ во однос на домувањето и јавните инвестиции во т.н. комунална и социјална инфраструктура, така и во однос на деловната и инвеститорска заедница на ОГБ, како и соодветното уредување на градежното земјиште за таа намена. Во таа насока, а согласно измените во ГУП, во одредени сегменти од територијата на ОГБ ќе пристапиме кон регенерирање на просторот со негова пренамена од индустриски во резиденцијален, пред се во потенцијално атрактивните резиденцијални зони. Со имплементацијата на новиот ГУП се прави стратешки и функционален исчекор празните и сиви зони во рамките на територијата на ОГБ да се урбанизираат со носење на нови ДУП-ови во насока на одржлив просторен развој што ќе обезбеди од една страна поквалитетен живот на жителите на ОГБ, и од друга страна засилување на економска активност во ОГБ со привлекување на домашни и странски инвеститори што ќе донесе нова додадена вредност со сериозни и позитивни импликации во однос на локалната економија. Во оваа насока ќе се продолжи со развој на нови ДУП за две нови населби за индивидуални куќи во руралниот дел на ОГБ, како и со нов ДУП за СРЦ Хиподром, кој заедно со СРЦ Железара и СРЦ Смиљковци ќе овозможи еден динамичен просторен развој во сегмент кој претставува растечка индустрија во регионот на ЈИЕ и пошироко со позитивни импликации за локалната економија.

За наредниот стратешки период се планира и развој на два нови ДУП за развој на две нови индустриски зони. Едниот за лесна незагадувачка индустрија и логистика, додека другиот за т.н. зелена економска зона (зелени бизниси во сферата на здрава и органска храна, како и лесна индустрија која употребува енергетски ефикасна технологија како и обновливи извори на енергија, со минимум негативн ефекти на животната средина).

Исто така се предвидува и регенерирање на просторот на постојните два индустриски парка „Железара“ и „Источна индистриска зона“ со два нови ДУП-ови.

Инаку согласно тековната состојба со ДУП-ови речиси 48% од вкупно 2525 ха функционална површина во ОГБ се однесува на сегментот

домување или 166 м² површина по глава на жител во ОГБ, 9% се однесува на сегментот големи комерцијални, деловни комплекси и спортска и социјална инфраструктура или 31м² површина по глава на жител, 20% се однесува на бизнис и индустрија или 70м² површина по глава на жител, 7% се однесува на зелените површини или 25м² по глава на жител (ако се земат овде и сите површини под шума кои изнесуваат 1037ха или 29% од вкупните површини под шума во градот Скопје, кои заедно со горе наведените површини изнесува 1102ха, тогаш зелените површини во ОГБ во однос на вкупната површина од 92км² се 11% или 153м² површина по глава на жител), и патишта 14% или 50м² .[3]

Во однос на проекциите за стратешкиот период до 2016 година се планира преку новите ДУП-ови сегментот домување просторно да се зголеми за 90ха, сегментот на индустрија да се зголеми за 350ха, сегментот на комерцијална, деловна, спортска и социјална инфраструктура да се зголеми за 200ха, сегментот на зелени површини да се зголемат за 35ха и патиштата да се зголемат за 120ха.

## *ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ*

Ќе разликуваме физичка (цврста) и мека инфраструктура. Физичката инфраструктура (водовод, канализација, ИКТ врски и слично) физички ги поврзува потребите и размената на енергија, материјали, информации и отпадни нуспродукти од активностите во ОГБ низ просторот на ОГБ според нашата методологија и затоа соодветно е овде да ја анализираме. Потребата од образование, вештини на работна сила, поволен бизнис амбиент и слично кои претставуваат мека инфраструктура ќе ги анализираме понатаму.

Од аспект на цврстата инфраструктура во изминатиот стратешки период акцентот беше ставен на изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура во неколку стратешки сегменти, и тоа:

- во соработка со Владата на РМ и кредитната линија на Светската банка и Европската банка за обнова и развој беа изградени шест нови локални патишта и реконструиран еден локален пат во должина од 11,2км.
- Во соработка со Владата на РМ и кредитната линија на Европската инвестициона банка беше изградена примарна фекална мрежа во населеното место Стајковци во должина од 3,7км.
- Во соработка со Владата на РМ и градот Скопје се изгради и доизгради примарниот фекален колектор на делницата - р. Вардар – Хиподром II – Инџиково – Економија – Сингилиќ – Стајковци во должина од околу 15км.
- Во соработка со градот Скопје се изградија капацитети за водоснабдување од 10,8км[1].

[3] Види повеќе во „Urban Audit of MGB“ 2013г. – реализирано во соработка со Светска Банка - Урбан Институт, Виена и Центарот за економски анализи, Скопје.

- Во соработка со градот Скопје и секако со буџетска подршка на ОГБ беа асфалтирани, реконструирани и изградени 19946м² и 4961м¹.
- Се тампонираа улици во должина од 38400м¹.
- Се изгради и зголеми паркинг просторот во ОГБ за 9382м².
- Во соработка со градот Скопје и со буџетска подршка на ОГБ се изградија тротоари и патеки од 14871м² и 2890м¹.
- Во соработка со градот Скопје беше направена целосна изградба на улицата Благоја Стефковски со реконструкција на нејзин крак и изградба на нова трета лента и со реконструкција на крак на улицата Сава Михајлов во должина од 1,8км.
- Се поставија нови 5600 енергетско ефикасни натриумови светилки и се реконструираше целосно електричната инсталација на уличното осветлување.

Во наредниот стратешки период од четири години акцент ќе биде ставен на финализирање на неколку стратешки проекти од сферата на физичката инфраструктурата:

- Во соработка со Владата на РМ ќе се отпочне со изградба на гасификационата мрежа во оние резидентни зони во кои ќе има интерес од жителите на ОГБ,
- Ќе се финализира изградбата на примарниот фекален колектор во должина од 7км покрај реката Вардар покривајќи ги потребите на 9500 жители во пет населени места (Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, Идризово). Ќе се оди со концептот на мали пречистителни станици кои ќе ги сервисираат потребите на максимум две населени места,
- Изградба на секундарната водоводна, атмосферска и фекална мрежа во новата населба Хиподром II, која треба да ги опслужува потребите на речиси нови 1000 домаќинства,
- Реконструкција и подобрување на водоводната мрежа во неколку населби и населени места, како и решавање на проблемите со водоснабдувањето во т.н. високи и ниски зони во одделни населби,
- Изведба на секундарните фекални мрежи во партнерство со жителите на 11 населени места во руралниот дел од општината,
- Во соработка со градот Скопје ќе се изгради водоводна мрежа на новопроектираниот булевар Хрватска, со цел поврзување на двата цевководи,
- Асфалтирање на делница од улица Индустриска во источната индустриска зона,
- Во соработка со град Скопје изградба на детелинка на мостот кај Агросервис,
- Во соработка со Влада на РМ, реконструкција на регионалниот пат Смиљковци – Бутел,
- Изградба на клучка во населното место Јурумлери над автопатот А1 (Е-75),
- Изградба на патна инфаструктура во новата населба Хиподром II,

- Во соработка со град Скопје изградба на паркинг простор за тешки товарни возила и автопазар на потегот покрај заобиколницата,
- Во соработка со град Скопје изградба на кружен тек за поврзување на улиците 16 Македонска бригада и Коце Металец, како и улиците Радован Ковачевиќ и Методија Андонов – Ченто,
- Финализирање на проектот за замена на уличните светилки со ЕЕ натриумови светилки (досега сменети 5700, преостанувaат уште нови 1000 светилки да се заменат).

## 5. ДЕМОГРАФСКИ ПРОФИЛ НА ОГБ

Како што рековме, основа за секоја социо-економска и политичка активност на територија на ОГБ се граѓаните. На следната слика ја илустрираме демографската структура на ОГБ.




График. Старосна структура на населението на Гази Баба. Извор ДЗС-попис

Од графикот може да заклучиме дека 9,3% од населението во Гази Баба е постаро од 65 години. Ова е помалку од 10,63% споредено со тоа старо население колку што е за Република Македонија. Може да заклучиме дека населението во Гази Баба е помладо споредено со просекот за Република Македонија.

Табела. Структура на население и површина во ОГБ според урбан или рурален карактер

| | Урбано | Рурално |
|---|---|---|
| Население | 57% | 43% |
| Површина | 35% | 65% |

Извор: ДЗС попис за население и ОГБ за површина

Друга карактеристика на ОГБ е дека поголем број од населението живее во урбаниот дел иако урбаната површина на ОГБ е само нешто повеќе од една третина од вкупната површина на ОГБ.

На следната табела илустрираме повеќе социо-економски податоци ОГБ споредено со Република Македонија.

Табела. Социо-економски и демографски профил на ОГБ

| **Демографија** | | | **Квалитет на живот** | |
|---|---|---|---|---|
| Населени места | 15 | | Број на умрени доенчиња во Гази Баба 2011 | 4 |
| Површина во квадратни километри | 92 | | Број на родени во Гази Баба 2011 | 864 |
| Населени 2002 | 72617 | | Однос на старосна зависност во Гази Баба во 2011 | 0.41 |
| Густина на население Гази Баба | 789 | | Број на умрени доенчиња во Македонија 2011 | 172 |
| Густина на население Македонија | 82 | | Број на родени во Македонија 2011 | 22972 |
| Број на станови | 22815 | | Однос на старосна зависност во Македонија во 2011 | 0.46 |
| Број на домаќинства | 20336 | | **Економија** | |
| Просечен број на членови по домаќинство | 3.57 | | БДП по глава на жител во САД долари за 2002 Гази Баба | 9145 |
| **Инфраструктура** | | | Невработеност Гази Баба 2002 | 32.6 |
| Вкупна должина на патишта (од кои асфалт) во километри 2010 | 58 (35) | | БДП раст по ПКП Гази Баба 2002/1998 | 6.6 |
| | | | БДП по глава на жител во САД долари за 2002 Македонија | 6850 |
| | | | Невработеност Македонија 2002 | 38.1 |
| | | | БДП раст по ПКП Македонија 2002/1998 | 5.2 |

Она што може да забележиме од табелата погоре е дека морталитетот на доенчиња во Гази Баба (4.6 промили) е доста понизок споредено со просекот во Република Македонија (7.5 промили) за 2011 година, а и дека густината на население во Гази Баба е скоро за 10-тина пати повисока од просечната густина на население за Република Македонија за 2002 година кога е спроведен последниот попис. Општина Гази Баба има повисок БДП по глава на жител споредено со Република Македонија во 2002 година како и пониска стапка на невработеност во истата година. Растот на БДП за периодот 2002/1998 година е исто така повисок во Гази Баба споредено со растот на БДП за Република Македонија за истиот период.

Заклучуваме дека во ОГБ населението е помладо и е со поповолна виталност споредено со просекот за Република Македонија.

## 6. ПРОФИЛ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОГБ

Граѓаните во ОГБ во контекст на ЛЕР се разгледуваат како фактор на развојот. Фактор на развојот е конкурентен кога е со зголемена продуктивност, а за работната сила една детерминанта на конкурентноста е образованието.

Образованието покрај чисто економската димензија има и важно влијание од аспект на политичка економија. Имено, во литературата е

позната врската помеѓу нивото на образование и учеството на граѓаните во процесите на барање на отчетност од власта[4]. Затоа во овој дел го анализираме во повеќе детали профилот на граѓаните на ОГБ од аспект на фактор на развојот на ЛЕР преку образованието и тоа по следните точки:

- Оценка на постоечка инфраструктура и систем
- Оценка на локалните и регионалните потреби за основно образование
- Демографски раст и проекции за нареден период
- Потреба за поголема синергија помеѓу образованието, бизнисот и ЛЕР

Понатаму во текстот ќе се задржиме на секој од овие точки.

## ОЦЕНКА НА ПОСТОЕЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И СИСТЕМ

Во ОГБ има 11 ОУ[5], а во Град Скопје 21 средни училишта[6] (од кои 5 на територија на ОГБ плус едно приватно средно училиште).

Табела. Број на основни и средни училишта согласно надлежност

| | Основни училишта | Средни училишта |
|---|---|---|
| ОГБ | 11 | |
| Град Скопје | | 21 |
| РМ | 990 | 114 |

Извор: ДЗС, ОГБ и Град Скопје

На следната табела се претставени ОУ на територија на ОГБ со број на ученици, број на смени и години на изградба.

Табела. ОУ на територија на ОГБ со број на ученици, број на смени и години на изградба

| О.У | Населба | Бр. на ученици | Бр. на учители | Бр. на паралелки | Бр. на смени | Ученици /паралелка | Ученици /учители | Год. на градба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дане Крапчев | Маџари 2 | 915 | 51 | 37 | 2 | 25 | 18 | 1978 |
| Његош | Колонија-Идризово | 611 | 35 | 27 | 1,5 | 23 | 17 | 1952/53 а нов дел 1973 |
| Крум Тошев | Трубарево | 317 | 25 | 18 | 2 | 18 | 13 | 1959 како подрачно 1986 самостојно |
| 25 Мај | Ченто | 1448 | 85 | 62 | 2 | 23 | 17 | 1964 |
| Наум Наумовски Борче | Маџари | 607 | 36 | 25 | 2 | 24 | 17 | 1961 |
| Крсте Мисирков | Маџари 2 | 784 | 47 | 34 | 2 | 23 | 17 | 1963 |
| Вера Јоциќ | Хиподром | 519 | 40 | 18 | 1 | 29 | 13 | 1976 |

[4] Види повеќе во: MUELLER D. (2003): *"Public choice III,"* Cambridge University Press, Cambridge.
[5] Види: http://www.gazibaba.gov.mk/obrazovanie.html.
[6] Види: http://www.skopje.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=32.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кирил и Методиј | Стајковци | 506 | 40 | 18 | 2 | 28 | 13 | 1985 |
| Наум Охридски | Булачани | 297 | 26 | 8 | 2 | 37 | 11 | 1963 |
| Григор Прличев | Железара | 304 | 23 | 16 | 1 | 19 | 13 | 1963 |
| Стив Наумов | Автокоманда | 901 | 56 | 33 | 1,5 | 27 | 16 | 1948,1958 и 1964 |
| Вкупно | | 7209 | 464 | 296 | | 24 | 16 | |

Извор:ОГБ

ОГБ како дел од Град Скопје со пет универзитети (еден државен и четири приватни), 49 факултети како и 9 истражувачки институти исто така претставува уникатен научен и истражувачки простор.

## ОЦЕНКА НА ЛОКАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Старосната структура на населението во општина Гази Баба (ОГБ) од училишна возраст и тоа споредено соодветно со истата структура на старост на население во Република Македонија (РМ) и во Град Скопје е илустрирано на следната табела.

Табела. Структура на население во предучилишна и училишна возраст во ОГБ, Град СКопје и РМ за 2002 година[7]

| Категорија | Процент од вкупно население-ОГБ | Процент од вкупно население-Град Скопје | Процент од вкупно население-РМ |
|---|---|---|---|
| Градинка (0-4) | 6.3 | 5.9 | 6.1 |
| Основно (5-14) | 13.8 | 13.6 | 15.0 |
| Средно (15-19) | 7.3 | 7.5 | 8.2 |
| Вкупно (0-19) | 27.4 | 27.0 | 29.3 |

Извор: ДЗС-попис

Од табелата може да видиме дека во ОГБ процентот на население во предучилишна возраст е повисок од просекот за РМ. Отука е за очекување дека побарувачката за капацитети за установи за предучилишна и училишна возраст (основно образование) во ОГБ може да е повисока од просекот за таква побарувачка во РМ.

Споредено со Град Скопје пак ОГБ има потенцијал за повисока побарувачка на капацитети за установи за предучилишна и училишна возраст (основно образование) од онаа потенцијална побарувачка за Град Скопје. Од друга страна пак на територија на Град Скопје има поголем потенцијал за побарувачка на капацитети за средно образование што пак се поклопува со ингеренциите на Град Скопје за средно образование и ингеренциите на ОГБ во предучилишната возраст-градинки и основното образование согласно законот за Град Скопје и законот за локална самоуправа.

[7] Поделбата на старосна категорија е согласно расположивите податоци од пописот. Треба да се напомене дека основното образование во РМ почнува на 6 годишна возраст.

## ДЕМОГРАФСКИ РАСТ И ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДЕН ПЕРИОД

### *ПОСТОЕЧКА СОСТОЈБА*

Прво ќе ги илуструраме историските податоци за број на ученици и наставници во основните и средните училишта во ОГБ и РМ. Потоа ќе претставиме податоци за демографско движење на населението и ќе направиме неколку претпоставки релевантни за проекции за нареден период.

На наредните табели може да видиме број на ученици во основни и средни училишта во ОГБ и РМ за периодот 2001-2012 година.

Табела. Ученици во основни училишта во ОГБ и РМ за периодот 2001-2012 година

| Школска година | 00/01 | 01/02 | 02/03 | 03/04 | 04/05 | 05/06 | 06/07 | 07/08 | 08/09 | 09/10 | 10/11 | 11/12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 249375 | 244740 | 237581 | 231868 | 227254 | 235691 | 231497 | 222359 | 216180 | 210381 | 204439 | 198856 |
| Гази Баба | 7719 | 7934 | 7581 | 7498 | 7398 | 7882 | 7904 | 7823 | 7745 | 7580 | 7443 | 7300 |

Извор: ДЗС http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20области/Образование%20и%20наука/Основно%20образование/Основно%20образование.asp

Табела. Ученици во средни училишта во ОГБ и РМ за периодот 2001-2012 година

| Школска година | 00/01 | 01/02 | 02/03 | 03/04 | 04/05 | 05/06 | 06/07 | 07/08 | 08/09 | 09/10 | 10/11 | 11/12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 93161 | 92554 | 95352 | 95842 | 95268 | 95867 | 95366 | 94545 | 93843 | 95343 | 94155 | 93064 |
| Гази Баба | 5074 | 4876 | 4613 | 4636 | 4362 | 4191 | 3818 | 3500 | 3277 | 3292 | 3239 | 3126 |

Извор: ДЗС http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20области/Образование%20и%20наука/Основно%20образование/Основно%20образование.asp

Она што може да заклучиме е дека бројот на ученици во основните училишта во РМ и во ОГБ опаѓа во периодот 2001-2012 година. На првиот график се илустрирани бројот на ученици во средно и основно образование во РМ, а на вториот график бројот на ученици во средно и основно образование во ОГБ. Зголемувањето на број на ученици во средно образование во 2008/2009 година е поради воведување на задолжително средно образование во РМ. Се забележува и зголемување на ученици во основно образование во 2006 година.

Бројот на ученици во ОГБ се намалува (иако населението расте) што е тренд во земјата поради помалку деца по домаќинство. Владата веќе превзема програми и активности за зголемување на наталитет и раст на население. Стапката на опаѓање во ОГБ е помала од онаа за Македонија.




Слика. Број на ученици во основно и средно образование во РМ




Слика. Број на ученици во основно и средно образование во ОГБ

Бројот на наставници во основните училишта во ОГБ и во РМ се зголемува според податоците од наредната табела.

Табела. Наставници во основни училишта во Гази Баба во периодот 2001-2012 година

| Школска година | 00/01 | 01/02 | 02/03 | 03/04 | 04/05 | 05/06 | 06/07 | 07/08 | 08/09 | 09/10 | 10/11 | 11/12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 13315 | 13356 | 13590 | 13733 | 13972 | 14817 | 15098 | 15330 | 15930 | 16144 | 16703 | 17129 |
| Гази Баба наставници | 386 | 408 | 410 | 399 | 400 | 407 | 414 | 417 | 447 | 458 | 473 | 475 |
| Жени наставници во Гази Баба во % од вкупно наставници | 77 | 77 | 76 | 78 | 79 | 78 | 80 | 80 | 80 | 80 | 80 | 80 |

Извор: ДЗС
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20области/Образование%20и%20наука/Основно%20образование/Основно%20образование.asp

Бројот на наставници во средните училишта во РМ се зголемува, а во ОГБ е скоро на исто ниво (напомена е овде дека иако се однесува на наставници во 4-те средни училишта што се на територија на ОГБ, сепак тие средни училишта се надлежност на Град Скопје).

Табела. Наставници во средни училишта во Гази Баба во периодот 2001-2012 година

| Школска година | 00/01 | 01/02 | 02/03 | 03/04 | 04/05 | 05/06 | 06/07 | 07/08 | 08/09 | 09/10 | 10/11 | 11/12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 5501 | 5575 | 5772 | 5837 | 5876 | 5937 | 6247 | 6445 | 6599 | 6880 | 7088 | 7265 |
| Гази Баба наставници | 316 | 309 | 303 | 292 | 307 | 305 | 303 | 306 | 291 | 336 | 303 | 307 |
| Жени наставници во Гази Баба во % од вкупно наставници | 46 | 49 | 49 | 50 | 51 | 49 | 47 | 48 | 49 | 51 | 52 | 52 |

Извор: ДЗС
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20области/Образование%20и%20наука/Основно%20образование/Основно%20образование.asp

На наредниот график претставуваме ученик по број на уучители однос за Македонија и за ОГБ за последната декада.




Слика. Број на ученици врз учители во основни училишта во ОГБ и во Македонија

Бројот на ученици врз бројот на учители опаѓа за Македонија и за ОГБ. Ова е резултат на опаѓање на бројот на ученици и зголемување на бројот на учители. Опаѓањето на овој однос во ОГБ е многу помал од оној за Македонија.

На наредните графици може да ги видиме односите број на ученици по наставник во средно и основно образование во РМ и во ОГБ за периодот 2001-2012 година.



Слика. Број на ученици по наставник во РМ во основно и средно образование

Од графикот може да видиме дека бројот на вработени наставници во основните училишта и во средните училишта. Односот на број на ученици по еден наставник во РМ особено опаѓа во основните училишта. Забележлив е тој тренд со поголем интензитет во средните училишта после пренесување на надлежностите во образованието на локалните власти во 2005 година.



Слика. Број на ученици по наставник во ОГБ во основно и средно образование

Од графикот за ОГБ може да видиме дека во основното образование особено има намалување на бројот на ученици по наставник после 2008 година. Во средните училишта пак на територија на ОГБ имаме стабилизирање на трендот на намалување на број на ученици по наставник во 2010 година.

Во врска со зголемувањето на бројот на наставници тоа е сосема очекувано во транзициониот период на пренесување на надлежностите на општините, а особено поради: воведување на нови предмети,

зголемување на фондот на часови, воведувањето на целодневна настава и дневен престој за учениците во ОУ во ОГБ. Така да, растот на наставници е најмногу поради промените во легислативата.

### *ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДЕН ПЕРИОД*

Во однос на апсолутниот пораст на населението во периодот 2002 – 2006 година. можеме да констатираме дека состојбата е релативно незначително променета и се движи меѓу 1% и 2%. Додека на ниво на РМ и ОГБ порастот е 1%, во градот Скопје тој пораст е 2%. Од друга страна порастот е главно концентриран во т.н. населени места кои гравитираат на урбаните граници.

Сепак според проценките од ДЗС ја имаме следната ситуација илустрирана на следната табела.

Табела. Процени на население по возрасни групи за ОГБ и РМ за периодот 2008-2011

| **2008** | **0** | **1-2** | **3-4** | **5-6** | **7-9** | **10-14** | **15-19** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ | 22590 | 44545 | 45690 | 46660 | 74542 | 139813 | 157897 | 2046898 |
| ОГБ | 816 | 1662 | 1771 | 1822 | 2803 | 4862 | 5153 | 75260 |
| **2009** | **0** | **1-2** | **3-4** | **5-6** | **7-9** | **10-14** | **15-19** | **Вкупно** |
| РМ | 23061 | 44896 | 44714 | 46179 | 73289 | 134704 | 155316 | 2050671 |
| ОГБ | 847 | 1637 | 1718 | 1789 | 2833 | 4735 | 5137 | 75490 |
| **2010** | **0** | **1-2** | **3-4** | **5-6** | **7-9** | **10-14** | **15-19** | **Вкупно** |
| РМ | 23778 | 45583 | 44505 | 45659 | 71497 | 130214 | 152879 | 2055004 |
| ОГБ | 869 | 1667 | 1657 | 1774 | 2795 | 4664 | 5094 | 75701 |
| **2011** | **0** | **1-2** | **3-4** | **5-6** | **7-9** | **10-14** | **15-19** | **Вкупно** |
| РМ | 23369 | 46766 | 44859 | 44704 | 69703 | 126947 | 149167 | 2058539 |
| ОГБ | 867 | 1711 | 1637 | 1716 | 2717 | 4669 | 5022 | 75893 |

Извор:ДЗС
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20области/Население/Процени%20на%20население/Процени%20на%20население.asp

Од табелата може да видиме дека бројот на население во РМ и во ОГБ е оценето дека расте. **Демографскиот тренд потврдува зголемување на идна побарувачка за основно образование во ОГБ.**

Табела. Учество на старосните категории за пред-училишна и училишна возраст во вкупниот број на проценето население за ОГБ и РМ за периодот 2008-2011

| | **Учество на старосните категории во вкупно население (%)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **0-2** | **0-7** | **7-14** | **15-19** |
| | **Македонија** | | | |
| 2008 | 3.3 | 7.79 | 10.47 | 7.71 |
| 2009 | 3.3 | 7.75 | 10.14 | 7.57 |
| 2010 | 3.4 | 7.76 | 9.82 | 7.44 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 3.4 | 7.76 | 9.55 | 7.25 |
| | **ОГБ** | | | |
| 2008 | 3.3 | 8.07 | 10.18 | 6.85 |
| 2009 | 3.3 | 7.94 | 10.03 | 6.80 |
| 2010 | 3.4 | 7.88 | 9.85 | 6.73 |
| 2011 | 3.4 | 7.81 | 9.73 | 6.62 |

Извор:ДЗС

## ПОТРЕБА ЗА ПОГОЛЕМА СИНЕРГИЈА ПОМЕЃУ ОБРАЗОВАНИЕТО, БИЗНИСОТ И ЛЕР

### *АНАЛИЗА*

Од претходниот текст јасно се искристилизираа приоритетните потреби за ЛЕР во ОГБ гледан од производен микроекономски аспект и тоа потреба од квалификувани кадри и потреба од поефикасно финансирање за бизнисите. Ова докажува дека неокласичниот пристап на микроекономијата за работна сила и капитал е се уште актуелна за ОГБ. Прашањето е само како профилот на граѓаните и образованието во ОГБ да се прилагоди на потребите на профилот на бизнисите со конечна цел одржлив ЛЕР на ОГБ. Секако дека своја улога во микроекономијата на ЛЕР, од трошочен аспект, имаат и властите (централна и локална) и институциите преку генерирање на трансакциони трошоци но сметаме дека тие треба да се решаваат поглобално на национално ниво. Во овој момент и во оваа околина ЛЕР се соочува со потреба од профил на граѓани кои се потенцијал за иновативна, квалификувана работна сила и бизниси со поефикасен пристап до капитал кои ќе го облагородат претприемачкиот дух на бизнисите за ЛЕР во ОГБ кон одржлив економски развој.

Оттука еден аспект е да се генерира соодветна работна сила според профилот на граѓаните на ОГБ, а друг аспект е да се оствари соодветно партнерство со креаторите на идна работна сила (образовниот систем во ОГБ) за да се овозможи одржливост на понуда на работна сила со вештини и знаења според потребите на бизнисите во ОГБ заради одржлив ЛЕР на ОГБ.

Поради тоа потребни се такви проекти кои треба прво да обезбедат доволно информации и податоци за да се анализираат попрецизно потребите, состојбите и околината на ЛЕР во смисла на профилот на граѓаните на ОГБ, пазарот на работна сила и генерирањето на знаења и вештини и знаења преку образовните институции па затоа потребен е проект-студија и анализа на постоечката состојба со МСП во ОГБ и проект-студија за профилот на граѓаните и пазарот на работна сила во ОГБ. На крајот од периодот на ЛЕР стратегијата, во 2016 година, преку иницијатива на ОГБ, а врз основа на искуствата од имплементацијата на проектите од стратегијата треба да се формира и Економско-образовниот совет на ОГБ откако ќе бидат завршени подготвителните проекти-студии од акциониот план.

### *СТРАТЕШКИ ПРИСТАП НА ОГБ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ*

Од наодите и идентификуваните потреби од текстот од погоре ОГБ ќе одговори во областа на образованието преку проектите:

- Изградба на нова училишна зграда за 400 ученици на ОУ Григор Прличев до крајот на 2014 година согласно сите стандарди за ЕЕ,
- Во соработка со Влада на РМ почеток на изградба на нова училишна зграда на ОУ Вера Јоциќ до крајот на 2016 година согласно сите стандарди за ЕЕ,
- Во соработка со Влада на РМ почеток на изградба на нова училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков до крајот на првиот квартал во 2017 година согласно сите стандарди,
- Во соработка со Владата на РМ изградба на две училишни фискултурни сали во основните училишта Вера Јоциќ и Кирил и Методиј до првиот квартал во 2017 година,
- Во соработка со Владата на РМ реконструкција на бараките во студентскиот центар Стив Наумов до крајот на 2014 година,
- Во соработка со Влада на РМ изградба на детска градинка во н.м. Јурумлери до крајот на 2013 година,
- Во соработка со Влада на РМ почеток на изградба на детска градинка во н.м. Стајковци до крајот на 2017 година,
- Во соработка со Владата на РМ бесплатни учебници за сите ученици во ОУ,
- Во соработка со Владата на РМ опремување на училиштата и ученичките кабинети,
- Во соработка со Владата на РМ бесплатен интернет за сите ученици во ОУ,

## 7. ПРОФИЛ НА РАБОТНА СИЛА ВО ОГБ

Во ОГБ 57.260 или 78,9% од населението се на возраст од 15-79[8]. Додека во 2002 година вкупната невработеност во РМ изнесуваше 38% во ОГБ таа беше 32,6%.

Табела. Невработени според старосна и родова структура во Град Скопје и РМ на 31.08.2012 година

| Град Скопје | Вкупно | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | Повеќе од 60 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **53463** | **9.0** | **11.0** | **10.3** | **11.3** | **11.3** | **11.1** | **10.8** | **13.2** | **10.6** | **9.0** |
| **Жени** | **24017** | **10.0** | **13.2** | **11.7** | **12.1** | **11.3** | **10.9** | **10.2** | **13.5** | **5.6** | **10.0** |
| РМ | Вкупно | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | Повеќе од 60 |
| **Вкупно** | **251817** | **10.7** | **12.4** | **11.0** | **10.7** | **10.7** | **11.1** | **11.2** | **12.1** | **8.7** | **10.7** |
| **Жени** | **108709** | **11.5** | **14.2** | **12.2** | **11.6** | **11.0** | **11.2** | **10.7** | **11.7** | **4.3** | **11.5** |

Извор: Агенција за вработување на РМ: http://www.avrm.gov.mk/WBStorage/Files/p2vozras082012.pdf

[8] Работоспособно население е на возраст 15 and 79 години на старост, види: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.11.09.pdf.

Согласно податоците од Агенцијата за вработување на РМ[9] од табелата погоре, може да видиме дека на територија на Град Скопје (нема податоци за ОГБ посебно) споредено со РМ има помалку невработени помеѓу младите на возраст од 15-24 години (12,2% во РМ и 10,4% во Град Скопје). Исто така може да забележиме дека по старосни класи, повеќе е учеството на невработени кај жените освен во старосните класи од: 40-44; 45-49 и 55-59 во Град Скопје. Во РМ пак помало е учеството на невработени кај жените споредено со вкупното за класи на старост повисока од 45 години.

На следната табела е илустрирана вработеноста во ОГБ според економските сектори според пописот во 2002 година.

Табела. Вработеност според економски сектори

| | Вработени | Земјоделие (како % од работна сила) | Индустрија (како % од вкупното) | Услуги (како % од вкупното) | Непознато (како % од вкупното) |
|---|---|---|---|---|---|
| ОГБ | 19,626 | 2% | 37% | 60% | 1% |

Извор: ДЗС според попис 2002

## 8. БИЗНИС ПРОФИЛ НА ОГБ

Најважни стопански гранки во ОГБ се металургијата, металната, фармацеутската, прехранбената, кондиторската и индустријата за производство на безалкохолни пилалоци и пиво. И денес се уште ОГБ е најголемата индустриска зона на градот Скопје и Република Македонија, и на нејзина територија се создава третина од општествениот производ на Република Македонија[10].

На територијата на општина Гази Баба се регистрирани преку 2986 деловни субјекти според евиденцијата на Централен регистар на Македонија[11]. ОГБ претставува комуникациска и транспортна порта на градот Скопје, низ која поминуваат сите транспортни и комуникациски коридори за градот Скопје како економски, административен и општествен центар на Република Македонија. ОГБ претставува комуникациско средиште на сообраќајните и транспортните меѓународни коридорите 8 и 10 што претставува одлична основа за динамичен локален и регионален економски развој. Низ територијата на ОГБ поминува и еден значаен дел (10 км) од заобиколницата околу градот Скопје. Во непосредна близина на ОГБ (на 15 км оддалеченост) се наоѓа и аеродромот „Александар Македонски“.

Од наредната табела може да видиме дека во ОГБ има 2986 активни деловни субјекти што е 4.1% од вкупните активни деловни субјекти во

[9] http://www.avrm.gov.mk/WBStorage/Files/p2vozras082012.pdf.
[10] Види повеќе: http://www.gazibaba.gov.mk/profil-na-opstinata.html како и: http://www.gazibaba.gov.mk/profil-na-opstinata/gb-niz-brojki.html.
[11] За повеќе информации види во сектор за ЛЕР во Гази Баба: contact@gazibaba.gov.mk.

РМ. Очигледна е доминацијата на микро деловните субјекти кои сочинуваат 63% во РМ и 57% во ОГБ, а заедно микро и малите деловни субјекти претставуваат 99% од активните деловни субјекти во РМ или 97% од активните деловни субјекти во ОГБ.

Табела. Активни деловни субјекти во ОГБ и РМ

| 2011 година | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| РМ | 73118 | 46322 | 25984 | 607 | 205 |
| ОГБ | 2986 | 1693 | 1216 | 58 | 19 |

Извор: ДЗС
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20области/Деловни%20субјекти/Активни%20деловни%20субјекти/Активни%20деловни%20субјекти.asp

На наредната табела може да видиме дека најмногу деловни субјекти процентуално и во ОГБ и во РМ се во дејноста трговија на големо и трговија на мало и поправка на моторни возила и мотоцикли (по 38%). Наредна дејност е преработувачката индустрија (11% во РМ и 13% во ОГБ). Транспорт и складирање учествува 14% во ОГБ и 9% во РМ. Градежништвото учествува со по 6% и во РМ и во ОГБ.

Табела. Структура на активни деловни субјекти во ОГБ и РМ по сектори на дејност според НКД

| | РМ | ОГБ |
|---|---|---|
| Вкупно | 100.0 | 100.0 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 4.1 | 1.6 |
| Рударство и вадење на камен | 0.2 | 0.1 |
| Преработувачка индустрија | 11.2 | 12.7 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0.1 | 0.3 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 0.4 | 0.6 |
| Градежништво | 6.0 | 6.3 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 37.6 | 38.4 |
| Транспорт и складирање | 8.7 | 13.9 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 5.9 | 3.9 |
| Информации и комуникации | 1.9 | 2.3 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0.6 | 0.4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 0.6 | 1.0 |
| Стручни, научни и технички дејности | 7.3 | 5.7 |
| Административни и помошни услужни дејности | 1.8 | 2.3 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 0.3 | 0.1 |
| Образование | 1.3 | 1.1 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 4.4 | 2.7 |
| Уметност, забава и рекреација | 1.7 | 1.5 |
| Други услужни дејности | 5.8 | 5.2 |

Извор: ДЗС
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20о

бласти/Деловни%20субјекти/Активни%20деловни%20субјекти/Активни%20деловни%20субјекти.asp

**Поконкретно за бизнис секторот од направеното анкетно истржување се дојде до следниве заклучоци[12].**

**Ограничување на бизнис перформансите**
Скоро половината испитаници односно 43,9% се изјасниле дека недостатокот од доверба во бизнис реалциите значително влијае врз потенцијалот за развој на претпријатието. Понатаму, околу 39% од испитаници се изјасниле дека отежнатиот пристап до финансиски средства значително влијае врз потенцијалот за развој на претпријатието. На трето место е ограничувањето за недоволна работна етика на работната сила, како и тоа дека околу 31,8% од испитаниците сметаат дека пречка за развојот на бизнисот претставува несоодветно едуцираната сила. Понатаму, околу 30% сметаат дека државната администрација е неефикасна и како таква придонесува за отежнато извршување на бизнис активностите. Дополнително на тоа, околу 29% сметаат нестабилните економски политики претставуваат пречка за развој на бизнисот.

**Пречки во остварување на подобри бизнис перформанси**
Најизразена пречка е инфраструктурата за 54,5% од претпријатијата, а само за 12,7% овој проблем не бил воопшто пречка. Потоа како следна најголема пречка претставува недостатокот на квалификувана работна сила за 43,9% од компаниите. Интересен е податокот дека 39,3% од анкетираните бизниси имаат одоговорено дека проблемите со куповната моќ се намалени, и околу 30% одговориле дека проблемот со пристап до финансии, исто така, е намален.

**Корпоративна одговорност**
Со цел да се измери вложениот напор и време, од компаниите им беше побарано да го оценат во број на потрошени работни денови во текот на претходната година на активности за прибирање на информации и пополнување на формуларите (за потребите на локалната и централната власт заедно). Најголем дел од компаниите, односно 53% посветуваат и до 30 работни денови за овие активности.

Загрижувачки е што дури 32,7% од претпријатијата не употребуваат никаков систем за управување со животната околина или било какви мерки за заштеда на енергија, односно 57,1% применуваат едноставни правила или уреди.

**Интернационализација**
Околу 56,1% односно 42,4% од претпријатијата увезуваат односно извезуваат. Околу 24,2% до 30,3% од претпријатијата прават напори за пробив на странски пазари (било тоа да се соседни земји, земји од екс

[12] Деталната студија од анкетното теренско истражување е достапно од стручните служби на ОГБ.

Југословенските Републики или земји членки на ЕУ), 16,7% од претпријатијата користат и технолошка соработка како форма на интернационализација. Нема ниту една компанија од испитаните која што не увезува инпути за своето производство, по 28,6% увезуваат помеѓу 0 и 25 проценти и од 26 до 50 проценти и високи 25% до целосно набавуваат инпути од странство. Околу 26,9 % од фирмите се соочуваат со недостиг на информации што ги оневозможува да остварат некаква форма на интернационализација. Значителен дел од претпријатијата примаат односно прават порачки (27,3%), односно ги реализираат плаќањата преку интернет (16,7%). При тоа, околу 3% од анкетираните компании воопшто не остваруваат активности на интернет, и 1,5% својот бизнис целосно го менаџираат преку интернет.

**Конкуренција**

Постои општо прифатено мислење (73,2%) дека конкуренцијата е зголемена. Притоа, доколку конкуренцијата продолжува да се зголемува, да станува посилна, а од друга страна профитните маржи да бидат намалени, 92,5% од претпријатијата би реагирале преку зголемување на квалитетот на производите, 90,5% би презеле акции за намалување на трошоците, 84,4% би ги зголемиле маркетинг активностите. Покрај тоа, дел од претпријатијата (30,3%) би се одлучиле да го намалат обемот на производство.

**Иновации**

Загрижувачки е добиениот податок дека дури 40,7% од претпријатијата не ги подобриле постоечките или не вовеле нов производ во последните две години. Може да се забележи дека оние претпријатија кои применуваат нови производи или услуги или барем значајно ги подобриле постоечките, забележале позитивен ефект врз годишните продажби. Дури 68% од овие претпријатија забележале пораст на годишните приходи до 25% , додека кај 18% бил забележан пораст до 50%.

Во поглед на причините кои ги ограничуваат претпријатијата да преземаат иновациски активности, може да се констатира дека најголемо ограничување претставува пристапот до финансии, без разлика дали тоа се однесува на високи каматни стапки за позајмени средства или други проблеми. Друг проблем со кој се соочува бизнис секторот е неодстиг од пазарна побарувачка и несоработката со истражувачи (21,2%).

Во однос на користењето на лиценци и патенти, домашни лиценци за работа имаат купено 28,6 % од испитаните бизниси, односно 22,6 % од претпријатијата имаат купено лиценци за работа од странски компании. Патенти пријавиле само 7,7% од претпријатијата.

Загрижува податокот дека претпријатијата генерално се изјасниле дека не соработуваат со факултетите, институти и/или истражувачи, односно 61,3% не се заинтересирани за воспоставување на ваков тип на соработка. Околу половина (50,8%) од испитаните претпријатија не се подготвени воопшто да вложат средства за изработка на бизнис план.

Понатаму, вкупно 42,5% од анкетираните компании изразиле подгготвеност да платат најмногу 1000 евра за изработка на бизнис план.

Претпријатијата во ОГБ не се подготвени да платат за менаџмент услуги. Дури 45,6% не се подготвени да издвојат воопшто средства за да платат соодветни менаџмент услуги, додека 14% би издвоиле до 300 еур, а само 3,5% би издвоиле над 5000 еур годишно за вакви услуги. Голем дел од претпријатијата не се подготвени да вложат средства за подобрување на производствените процеси, односно дури 39,2% воопшто не би платиле за подобрување на производството, а 13,7% би платиле до 500 евра за истото. 15,7% би платиле и повеќе од 5000 евра за подобрување на производството.

**Пазар на труд**
Скоро третина од претпријатијата, односно 28,3% од нив при регрутирањето на кадрите ги користат личните/приватни контакти. Дури 43,3% од претпријатијата имаат тешкотии при ангажирањето на работната сила, заради недоволна квалификуваност на кандидатите. Дури 80,3% од компаниите немаат вработено кадар со постдипломски студии, и ниту еден вработен без образование.

Анализите покажуваат дека стопанството се уште не би користело финансиско партнерство за генерирање на кадри со образовните институции. Дури 70,5%, односно 77,4% од компаниите не би употребиле финансиско партнерство со факултетите/институциите и средните училишта за обезбедување на соодветен профил на кадар. Кај стопанството во ОГБ генерално не постои волја за ангажирање на студенти и средношколци за изведување на практична работа создавајќи можност истите во иднина да бидат вработени во компанијата.

**Извори на финансирање и инвестициски активности**
Најголем дел од бизнис секторот во ОГБ ги користи традиционалните начини на финансирање, односно 53% самофинансира од сопствени извори, а пак 40,9% користи домашни кредитни линии. Останатите извори на финансирање се помалку применувани, а финансирањето преку емисија на хартии од вредност воопшто не се практикува иако како најголеми пречки со кои се соочува бизнис секторот од ОГБ при финансирањето е висината на каматната стапка за дури 70,9%, при што следува висината на колатералот со 20%. Дури 80,7% од претпријатијата не можат да ги проценат условите за финансирање преку емисија на хартии од вредност. Имајќи предвид дека претпријатијата воопшто не го практикуваат ова финансирање, може да се констатира дека постои недостиг на информации од оваа област, со што доколку бизнис секторот би бил подетално запознаен за функционирањето и предностите на овој вид на финансирање, би можело се очекува идна употреба и на овој начин на финансирање на претпријатијата.

Цената на капиталот е најзначаен фактор кој влијае врз донесувањето на одлуката за финансирање според 36,4% од претпријатијата, потоа

следи претходното искуство со финансиската институција од која се добива капиталот и потребното време за добивање на средства е критичен фактор за 19,7% .

Најголем дел од претпријатијата кои планираат да реализираат инвестиции во наредната година (36,4%), имаат намера тоа да го направат преку изградба/купување на нови или да ги подобрат веќе постоечките капацитети, потоа следува инвестиции во нови пазари (25,8%). Нови вработувања и технолошки развој во следната година предвидуваат 22.7% односно 21,2% од претпријатијата кои планираат да инвестираат.

## 9. АНАЛИЗА НА АСПЕКТИ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОГБ

Во Република Македонија се создаваат 1,9 милиони тони отпад (од кои 1 милион од преработувачката индустрија) годишно од кои 726.000 тони се опасе отпад[13].

Комунален отпад пак годишно се собира околу 544.000 тони од кои 27% во Скопскиот регион. Од овие околу 450.000 тони или околу 83% се собрани од домаќинствата, а остатокот од правните лица. Сепак, во Македонија се создава околу 735.000 тони отпад годишно.

Некои од проблемите за животната средина во Македонија се[14]:

- Недостаток на регионални интегрирани системи за управување со комунален цврст отпад и системи за управување со посебни видови на отпад
- Недоволна покриеност на населените места и општините со системи за собирање и третман на отпадни води
- Потреба од воспоставување на интегрирано управување со речен слив
- Загаденост на воздухот со различен интензитет
- Контаминирање на почвата што резултира со производство на земјоделски производи со несоодветен квалитет

При тоа дефинирани се и следните слабости:

- Отсуство на функционална поврзаност помеѓу централно и локално ниво
- Слаб капацитет кај ЕЛС
- Потреби од обука и зголемување на свесноста
- Отсуство на податоци и системи за мерење

Најголемите загадувачи кои емитуваат загадувачки супстанции како и загадувањето од сообраќајот во Република Македонија се илустрирани на следната слика.

---

[13] Види повеќе: http://www.stat.gov.mk/pdf/2012/5.1.12.17.pdf.

[14] Види повеќе во: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/ZivotnaSredina2011.pdf.




Слика. Интензитет на загадување во Република Македонија. Извор: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/ZivotnaSredina2011.pdf.

Од сликата може да се види дека ОГБ се наоѓа под ризик од силно загадување како од загадувачи така и од загадување од сообраќајот.

Повеќе детали за загадување на воздухот[15] ќе илустрираме на наредните табели кои се превземени од http://www.stat.gov.mk/Publikacii/ZivotnaSredina2011.pdf.

Концентрации на сулфур диоксид во амбиентниот воздух

број на денови — number of days

| Град | Мониторинг станица | 1998 | 1999 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Monitoring stations | City |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Лисиче | 11 | 9 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | Lisice | Skopje |
| | Карпош | 15 | 7 | 0 | 0 | 8 | 3 | 0 | - | - | Karpos | |
| | Центар | 0 | 6 | 0 | 4 | 13 | 6 | 0 | - | - | Centar | |
| | Гази Баба | 3 | 22 | 0 | - | - | 0 | 0 | 0 | 0 | Gazi Baba | |

Дозволено надминување (3 пати во текот на една година) — allowed exceedances (3 times per year)

Концентрации на суспендирани честички со големина до 10 микрометри во амбиентниот воздух

[15] Види и во: http://www.gazibaba.gov.mk/zivotna-sredina.html.

mg/m³ | mg/m³

| Град | Мониторинг станица | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Monitoring stations | City |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Лисиче | - | 133.9 | - | 84.0 | 95.0 | 111.0 | 79.0 | Lisice | Skopje |
| | Карпош | 83.9 | 91.8 | 90.0 | 78.0 | 74.0 | - | - | Karpos | |
| | Центар | 85.3 | 104.7 | - | 65.0 | 77.0 | - | - | Centar | |
| | Гази Баба | 58.0 | - | - | - | - | 84.0 | 66.0 | Gazi Baba | |
| | Ректорат | 58.0 | - | 173.0 | 102.0 | 92.0 | 96.0 | 69.0 | Rektorat | |

Годишната гранична вредност е 40 μg/m³ | annual limit value is 40 μg/m³

Концентрации на азот диоксид во амбиентниот воздух

μg/m³ | μg/m³

| Град | Мониторинг станица | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Monitoring stations | City |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Лисиче | 44.4 | 21.6 | 5.6 | - | 62.8 | 52.1 | 46.5 | 39.8 | 37.7 | 12.0 | - | Lisice | Skopje |
| | Карпош | 106.9 | 60.0 | 46.7 | - | 57.7 | 50.8 | 46.2 | 36.3 | 34.2 | - | - | Karpos | |
| | Центар | 41.0 | 87.5 | 95.0 | - | 61.6 | 52.1 | 52.8 | 50.3 | 56.7 | - | - | Centar | |
| | Гази Баба | 12.8 | 8.0 | 12.1 | - | 37.7 | - | 52.8 | 23.4 | 27.4 | 15.0 | 22.0 | Gazi Baba | |
| | Ректорат | 12.8 | 8.0 | 12.1 | - | 37.7 | - | 55.0 | 42.8 | 36.7 | 32.0 | 11.0 | Rektorat | |

Годишната гранична вредност е 40 μg/m³ | annual limit value is 40 μg/m³

Концентрации на јаглерод моноксид во амбиентниот воздух (покажува фреквенција на надминување на 8-часовна гранична вредност која изнесува 10 mg/m3.

број на денови | number of days

| Град | Мониторинг станица | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Monitoring stations | City |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Лисиче | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 12 | 7 | 0 | 0 | 0 | Lisice | Skopje |
| | Карпош | 3 | 8 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | - | - | Karpos | |
| | Центар | 14 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 6 | 13 | - | - | Centar | |
| | Гази Баба | 0 | 0 | - | - | 0 | - | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | Gazi Baba | |
| | Ректорат | - | - | - | - | - | - | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | Rektorat | |

Општина Гази Баба не издава Б – еколошки интегрирани дозволи, а тоа е надлежнност на Град Скопје. Досега од градот Скопје побарале Б еколошка дозвола следните компании:

1. Мега, компанија од прехранбената индустрија,
2. ДГ Бетон АД Скопје, РЕ Бетонка,
3. Вардарградба,
4. РЖ Услуги

Од сите тие компании добила само РЖ Услуги.

А – интегрирана еколошка дозвола, која ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање, досега добиле следните компании:

1. Пивара АД, Скопје
2. Скопски легури,
3. Алкалоид АД, Скопје,
4. Технички гасови АД Скопје,

Доставено барање за добивање на А – интегрирана еколошка дозвола до МЖСПП имаат следните компании со седиште во општина Гази Баба:

1. Дуропак,
2. Макстил АД Скопје,
3. Балкан енерџи ДООЕЛ.

## 10. СВОТ АНАЛИЗА НА ОГБ

Врз основа на просторниот план, профилот на демографијата, граѓаните, бизнисите и работната сила ЛЕР тимот на ОГБ ја донесе следната СВОТ анализа на ОГБ:

### Внатрешни фактори

1. **Економски развој**
   a. **Силни страни**
      i. Добра географска местоположба.
      ii. Сообраќајна поврзаност (крстопат на Е10 и Е8, железничка пруга, заобиколница, близина на аеродром).
      iii. Извозно ориентирани компании лоцирани во ОГБ
      iv. Потенцијалите на новата индустриска зона околу заобиколницата.
      v. Потенцијалите на Спортско рекреативните зони Железара, Гази Баба и Хиподром.
      vi. Можност за транзитен туризам.
      vii. Конзумен, образовен, институционален и финансиски потенцијал на метрополата.
      viii. Нова населба Хиподром II за околу 5000 жители.
      ix. Близина на царинските терминали.

   b. **Слаби страни**
      i. Нерамномерен развој – голем диспаритет помеѓу руралниот и урбаниот дел на ОГБ. Посебен проблем комуналната инфраструктура. Пред се системите за фекална канализација.
      ii. Недоволно технички обучена работна сила (според новите современи потреби).
      iii. Преголема зависност на работната сила од тешката индустрија која во иднина не гарантира значаен растечки потенцијал.
      iv. Високата цена на кредитите.
      v. Недостаток од квалитетно домување (од тие причини работната сила која функционира во ОГБ вообичаено живее надвор од ОГБ).
      vi. Немање на маркетинг план за привлекување на инвеститори.
      vii. ON line презентирање на економските можности на ОГБ.

2. **Инфраструктура за развој на бизнис**
    a. **Силни страни**
        i. Позитивен однос на општината кон претприемачите (бизнисите) во однос на индустриските(деловни) парцели и места (во урбанистичка смисла), за планирање и развој на парцелите и заедничко финансирање на инфраструктурата.
        ii. Релативно добра состојба (во урбаниот дел) со комуналната и сообраќајната инфраструктура за развој на бизниси.
        iii. Бизнис инкубатор за start up компании.

    b. **Слаби страни**
        i. Лошата состојба со инфраструктурата на одредени локации многу интересни за развој на бизниси.
        ii. Големи проблеми со инфраструктурата која поминува и низ приватни имоти а која треба да се прошири или инсталира (одзема и неколку години поради имотно правните проблеми).
        iii. Упатеност на соработка со град Скопје за разноразни одобренија и согласности.

3. **Квалитет на живот**
    a. **Силни страни**
        i. Пониска цена на чинење на станбените објекти (индивидуални и колективни).
        ii. Постоење на рекреативни зони.
        iii. Постоење на примарни и секундарни здравствени објекти.
        iv. Речиси во секое населено место постои ОУ и градинка.
        v. Релативно добра состојбата со парковите во општината.
        vi. Плоштад Гази Баба.
        vii. Неолитска населба археолошки локалитет Тумба Маџари_3000 години пред новата ера.

    b. **Слаби страни**
        i. Неатрактивност на објектите за домување.
        ii. Лошата инфраструктура во руралниот дел од ОГБ.
        iii. Лошата физичка инфраструктура на одделни ОУ.
        iv. Недоволен капаците за згрижување на старите лица и лицата со посебни потреби.
        v. Проблеми со загадување на воздухот и почвата.
        vi. Недоволно паркинг простор.
        vii. Недоволно спортски објекти (спортски сали и базени).
        viii. Лошата состојба со физичката инфраструктура на културните домови лоцирани во ОГБ.

**Надворешни фактори**

1. **Легислатива**
    a. **Можности**
        i. Широките можности кои ги нудат прописите за децентрализација.
        ii. Законот за ЈПП.
        iii. Кредитно задолжување на општините во функција на развојот и квалитетот на живеење.
        iv. ИПА програмите.
        v. Закон за рамномерен регионален развој.

    b. **Закани**
        i. Немањето никакво искуство во делот на ЈПП (процесот е се уште на почеток).
        ii. Недоволна информираност за можностите за кредитното задолжување на општините.
        iii. Немањето доволно знаење и квалитетни технички проекти за максимално ползување на ИПА програмите.
        iv. Бавната имплементација на Законот за рамномерен регионален развој.

2. **Економија**
    a. **Можности**
        i. Приближувањето до евроатлантските интеграции.
        ii. Извозната ориентација на поголемите компании лоцирани во ОГБ.
        iii. Спогодбите за слободна трговија.
        iv. Визната либерализација.
        v. Глобализација на економијата.

    b. **Закани**
        i. Неликвидност на стопанството.
        ii. Неатрактивни финансиски понуди.
        iii. Тешко се склучуваат извозни зделки.
        iv. Недостаток од соодветен кадар потребен за новата економија.
        v. Недоволни менаџерски вештини на сопствениците.
        vi. Програма за континуирана обука на ОГБ администрацијата vis a via постојано новите законски решенија.

3. **Социо-политика**
    a. **Можности**
        i. Кандидатскиот статус на нашата земја за членство во НАТО И ЕУ.
        ii. Дел од европскиот регион Скопје – Ниш – Софија.
        iii. Либерализација на визниот режим.

b. **Закани**
    i. Попречувањето на нашиот влез во евроатлантските интеграции од страна на нашиот јужен сосед.
    ii. Релативно фрагилната состојба со политичките односи во РМ.
    iii. Зголемување на стапката на сиромаштија.
    iv. Високата стапка на невработеност.
    v. Емиграцијата на високообразованите кадри.

4. **Демографија**
    a. **Можности**
        i. Стабилизирање на заедницата како резултат на стареење на населението.
        ii. Растење на бројот на студенти и дипломирани кој е во функција на зголемување на процентот на самовработување.
        iii. Менување на животниот стил во општината преку креирање на атрактивни услови за домување, забава и рекреација што ќе привлече жители со повисоки приходи.

    b. **Закани**
        i. Мала стапка на наталитет.
        ii. Пораст на повозрасното население немајќи притоа доволно услуги кои би биле во функција на тоа население.
        iii. Емиграција на високообразованите лица како резултат на лошите услови за живот во сопствената средина (висока стапка на невработеност).

5. **Технологија**
    a. **Можности**
        i. Воведувањето на нови технологии ќе им помогне на новите компании да ја подобрат својата продуктивност и конкурентност во функција на создавање на нови работни места.
        ii. Бизнис инкубатор за start up компании од сферата на развој на информатичка и комуникациска технологија.

    b. **Закани**
        i. Воведувањето на одредени нови технологии ќе значи и потешко наоѓање на работа на одредени категории на работници.

## 11. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ОГБ

Имајќи го во предвид погоре кажаното, како и иновативниот пристап на методологијата која ја употребивме за изработка на оваа ЛЕР стратегија, а почитувајќи ги потребите на граѓаните на ОГБ за решавање на основните инфраструктурни потреби за подобрување на квалитетот на живот како на урбаниот така и на руралниот дел од својата територија ЛЕР тимот ја донесе следната визија и стратешки цели на ОГБ:

**ВИЗИЈА НА ОГБ**

**ОГБ е дел од главниот град на Република Македонија со граѓани кои се стремат кон конкурентна економија и одржлив економски раст и кои имаат висок квалитет на живеење и здрава животна средина.**

**Стратешки цели на стратегијата за ЛЕР на ОГБ се:**

| **Стратешка цел 1** | **Стратешка цел 2** |
|---|---|
| Да се подобрат и унапредат просторните услови за живеење во ОГБ со цврста инфраструктура | Да се подобрат и унапредат просторните услови за живеење во ОГБ со мека инфраструктура |

Понатаму во акциониот план проектите на мека и цврста инфраструктура ќе бидат всушност проекти за подобрување и унапредување на просторните услови и условите за живеење на граѓаните на ОГБ.

## 12. ФАКТОРИ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОГБ

Во овој дел ги интегрираме факторите на ЛЕР според ЦЕА методологијата. Основните фактори за ЛЕР ОГБ ги гледа во унапредување на просторните услови преку проекти кои ќе ја развијат цврстата инфраструктура и меката инфраструктура и ќе водат кон конкурентна и одржлива локална економија како и висок квалитет на живеење и здрава животна средина.

Факторите за развој се просторот на ОГБ, граѓаните со нивното образование и бизнисите со општествена одговорност. Заштитата на животната средина е одговорност и на граѓаните и на бизнисите. ОГБ го обезбедува амбиентот кон поквалитетен живот во ОГБ со спроведување на оваа ЛЕР стратегија за периодот 2013-2016 година. Ова е илустрирано на следната слика.




Слика. Фактори за ЛЕР и очекувани резултати од ЛЕР стратегијата

## 13. ИНТЕГРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ОГБ СО ФИНАНСИСКИОТ ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ НА ОГБ И СО ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОГБ

Со овој пристап изработката на ЛЕР стратегијата се базира на три основи. Прво, ОГБ мора да развие своја визија со стратешки цели за периодот на стратегијата кои мора да бидат донесени со учество на сите заинтересирани страни. Но тие не можат да се гледаат издвоено од капацитетот на ОГБ за обезбедување на финансиски ресурси од разни извори. Визијата, стратешките и оперативни цели пак со разните извори на финансиски ресурси и финансиски инструменти се остваруваат преку акциониот план кој содржи конкретни проекти.

На овој начин преку анализата на фискалниот капацитет[16] и кредитоспособноста се овозможува да се утврдат финансиски ресурси со кои располага ОГБ за да биде акциониот план реално остварлив и за да се избегне замката на правење на листа на желби на проекти за кои реално не би можело да се обезбедат финансиски ресурси за периодот на стратегијата од 2009-2012. Акциониот план пак преку финансиските ресурси мора да биде имплементиран преку буџетскиот процес во буџетот на ОГБ.

Сите документи беа усвоени од телото за донесување на одлуки на ЛЕР тимот. Останува на ЛЕР тимот да организира посебно тело за мониторинг, евалуација и мерење на перформанси од спроведување на Акционот план.

[16] Види повеќе во соодветната анализа.

# АКЦИОНЕН ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА

## Проектна матрица

## Динамика на имплементација

| НАЗИВ НА ПРОЕКТ:А1 | ДАТУМ ПОЧЕТОК: | КРАЕН РОК: | ИЗВОР НА СРЕДСТВА: | ЗАБЕЛЕШКА: |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| **1. Унапредување на софт инфраструктурата и дигитализацијата на општинските услуги.** | | | | |
| **2. Подршка на микро и малите компании преку трансфер на знаење и информации.** | | | | |
| „ЕЛЕКТРОНСКИ ОПШТИНСКИ УСЛУГИ“ | 01.04.2013 | 03.04.2017 | Општина | |
| „ИНФОРМАТИВЕН БИЗНИС-ЦЕНТАР“ | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| „ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС-КАТАЛОГ“ | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| „БИЗНИС-ФОРУМ“ | 01.04.2013 | 03.04.2017 | Општина | |
| „ВИРТУЕЛЕН ИЗВОЗЕН САЕМ“ | 01.04.2013 | 03.04.2017 | Општина | |
| „САЕМСКО ПАРТНЕРСТВО“ | 01.01.2014 | 03.04.2017 | Општина | |
| „ЦЕНТРИ ЗА КАРИЕРА“ | 01.04.2013 | 03.04.2017 | Општина | |
| „ИНТЕРАКТИВЕН ПОРТАЛ ЗА ЛОКАЦИСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ“ | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| ПРОЕКТ „СТАРТАП“ и „БИЗНИС-ИНКУБАТОР | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ФАРМЕР-ПРЕТПРИЕМАЧ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| „ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| „АВТЕНТИЧНА РАКОТВОРБА“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| „ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| „АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ГАЗИ БАБА – ВАШИОТ ИЗБОР“ | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Општина | |
| „БАЗА НА УРБАНИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ“ | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ПРОЕКТ „Е-РЕГИСТАР“ | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ДМС“ | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ“ | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ“ | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ЕЛЕКТРОНСКИ УПРАВНИ АКТИ“ | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ПРАШАЈ ЈА ОПШТИНАТА“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| **ТУРИЗАМ** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1. Креирање на мека и тврда инфраструктура за активирање на туристичките потенцијали и можности во ОГБ.** | | | | |
| ПРОЕКТ „ТРАНЗИТЕН ТУРИЗАМ“ | 04.01.2013 | 31.12.2016 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ЕКОТУРИЗАМ | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „СТРАТЕГИЈА ЗА АЛТЕРНАТИВЕН И ЕКОТУРИЗАМ“ | 04.01.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ЕТНОСЕЛО“ | 04.01.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ПЛАНИНСКА РЕКРЕАТИВНА ПАТЕКА“ | 04.01.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ПРОЕКТ „АРХЕОЛОШКО КУЛТУРНО БОГАТСТВО“ | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ТУРИСТИЧКИ ИНФОЦЕНТАР“ | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ОГБ | |
| **ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| **1. Поголема ефикасност, транспарентност и визибилност на општинското работење преку користење на ИТ технологиите и знаеања.** | | | | |
| Електронски систем за следење предмети | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| Подобрување на едношалтерскиот систем | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| Отворени податоци | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| Нема погрешна врата | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Административна гилотина | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Проширување на широкопојасен интернет | 01.04.2013 | 31.12.2015 | ЈПП | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | |
| **1. Потикнување на домашни и странски инвестиции на територијата на ОГБ.** | | | | |
| „СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВНИ ЦЕНТРИ“ | 01.04.2013 | 31.12.2015 | ЈПП | |
| „ТРГОВСКИ И ДЕЛОВНИ ЦЕНТРИ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | ЈПП | |
| „КАТНИ ГАРАЖИ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | ЈПП | |
| „ОПШТИНСКА ЗГРАДА„ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | ЈПП | |
| „ЛОГИСТИЧКА ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ТОПЛОВОДЕН СИСТЕМ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „ТЕХНИЧКА ВОДА“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Реконс. и изградба на кул. домови (Автокоманда, Ченто и Колонија) | 01.04.2013 | 01.04.2017 | ЈПП | |
| Целосна реконструкција на објектот на киното „Маџари“. | 01.01.2014 | 31.12.2015 | Општина | |
| Изградба на трговски центар во Триангла | 01.04.2013 | 01.04.2015 | ЈПП | |
| Почнување со изградба на спортскиот комплекс СРЦ „Хиподром“, | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проект „Зелена економска зона“, | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Општина | |
| **МЛАДИ И НВО** | | | | |
| **1. Подршка и развој на потенцијалите на младите луѓе и НВО** | | | | |
| ПРОЕКТ „СОВЕТ НА МЛАДИ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „Е-ПОРТАЛ ЗА МЛАДИ“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| ПРОЕКТ „СТОП ЗА ПОРОЦИТЕ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Проект „Млади Претприемачи“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Проект „Млади Уметници“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Центар за млади и НВО | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| **ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СПОРТ** | | | | |
| **1. Унапредување на физ. инфра. во сферата на образованието, социјалната заштита и спорт преку аплицирање на најсовремените стандарди за градба и ЕЕ.** | | | | |
| Почнување со изградба на нова зграда за ОУ „Крсте Мисирков“. | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| "Реновирање во ОУ „Петар Петровиќ-Његош“" | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Општина | |
| "Изградба на регионален спортски центар" (во соработка со град Скопје) | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ОГБ | |
| Бесплатни учебници за сите ученици од основно и средно образование | 01.09.2013 | 01.09.2016 | Влада на РМ | |
| Бесплатен интернет во сите осн. и средни уч. и во студентските домови | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Влада на РМ | |
| Опремување на училиштата и на училишните кабинети | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Влада на РМ | |
| Изградба на нов училишен објект на ОУ Вера Јоциќ | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Влада на РМ | |
| Изградба на нова училишна зграда на ОУ Глигор Прличев | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| Изградба на две училишни фискултурни сали | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Реконструкција на бараките во студентскиот дом Стив Наумов | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Влада на РМ | |
| Изградба на терен за тенис во состав на ОУ Глигор Прличев | 01.04.2013 | 31.10.2013 | Влада на РМ | |
| Уредување на насипот на кејот на реката Вардар | 01.01.2015 | 01.04.2017 | Општина | |
| Изградба на две повеќенаменски спортски игралишта | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Изградба на спортска сала во населбата Ченто | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Изградба на нова детска градинка во населено место Стајковци | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Изградба на нова детска градинка во населбата Јурумлери | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| Отворање дневен центар за стари лица во општина Гази Баба | 01.04.2013 | 30.11.2014 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| **ЖИВОТНА СРЕДИНА** | | | | |
| **1. Зголемување на заштитата на почвата, воздухот, водата и луѓето преку градење култура за заштита на животната средина.** | | | | |
| **2. Унапредување на комунална хигиена, иницирање селективно управување со комуналниот отпад, проширување на зелените површини и користење на подземните води.** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. Заштита на шумските и зелени површини и креирање на регистар на индустриски загадувачи.** | | | | |
| "Изработка на нов (ЛЕАП) за периодот 2013-2018 година" | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| Проект „Чиста околина“ | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Воведување надзор за квалитетот на амбиенталниот воздух | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| Воведување селективно управување со комунален отпад од домаќинства | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Подигнување нови паркови и зелени површини | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Изградба на бунари за полевање парковско зеленило | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Реализација на проектот за компостирање | 01.01.2014 | 01.04.2017 | Општина | |
| Дооформување на центалниот парк во населбата Железара | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| Набавка на едно товарно возило за одржување на комуналната хигиена | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| Ангажирање сезонски работници за одржување на чистотата | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Бесплатни анализи за испитување на составот на земјоделска почва | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| Уредување на трим патеката во парк шумата Гази Баба | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Воведување повисок степен на заштита на парк шумата Гази Баба | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| **ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И УРБАНИЗАМ** | | | | |
| **1. Креирање на пр. пл. во функција на развој на нови резидентни зони и проширување на постојните просторни опфати на одделни рурални резидентни зони** | | | | |
| **2. Урбанистичко регенерирање на постојните инд., рекреативни и образовни зони и развој на просторни планови за нови индустриски и рекреативни зони.** | | | | |
| Донесување УП за проширување на границите на дел од селата | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| ДУП индустриски комплекс „Железара | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ДУП за пречистителна станица за град Скопје. | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Град Скопје и ЕЛС | |
| ДУП за источна индустриска зона, локалитет 40, 41 и 42 | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ДУП за студенски центар „Стив Наумов“. | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| ДУП за УЗ „Автокоманда“, (дел од комплекс факултети). | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ДУП за УЗ „Маџари“. | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| ДУП за УЗ „Кирил Петрушевски“ (Комуна). | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| ДУП за „ИИЗ“ (кај гаражата на ЈСП | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| "УПВНМ за лок. заобиколница од клучка Хиподром до клучка Сингелиќ" | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| ДУП за СРЦ „Хиподром“ | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| УПВНМ за индустриски комплекс „Шајница | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| УПВНМ за спортско-рекреативен центар „Гази Баба“. | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| УП за село Инџиково (проширување на опфа | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| УП за село Црешево, Виниче, Раштак и Булачани | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| ДУП за локалитетите кои ќе треба да се усогласат со ГУП на град Скопје | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Урбанизација на населено место Ергеле | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| Донесување на УПВНМ за поатрактивни локалитети | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| **КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| **1. Реконструкција и подобрување на постојната комунална инфраструктура во насока на подобрување на условите за живот и работа на жителите, компаниите и домашните и странски гости во ОГБ** | | | | |
| **2. Изградба на нови инсталации на комуналната инфраструктура во функција на развој на нови резидентни, индустриски и рекреативни зони во ОГБ** | | | | |
| Изведба на водоводна мрежа со нов резервоар за вода во село Страчинци | 04.01.2013 | 31.12.2016 | ЕЛС со буџет на ВРМ | |
| Доизградба на водоводната мрежа во село Булачани | 04.01.2013 | 31.12.2014 | Општина | |
| Изградба на водоводна мрежа, заедно со нов резервоар во село Раштак | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| Поставување водоводна мрежа во новата населба Хиподром 2. | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| Изградба на атмосферска канализација во населбата Триангла | 04.01.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| "Изградба на фекална канализација за населените места Ергеле, Трубарево,Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, Идризово и Дрма" | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| "Поставување атмосферска и фекална канализација во населбата Хиподром 2." | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| "Проект за доизградба на атмосферска канализација во населбата Јане Сандански." | 04.01.2013 | 31.12.2015 | Општина | |
| "Изведба на второстепена фекална канализација во соработка со жителите на населено место Стајковци" | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| "Изведба на фекална канализација во соработка со жителите на село Брњарци." | 04.01.2013 | 01.01.2015 | Општина | |
| "Изведба на фекална канализација во соработка со жителите на село Цре-шево" | 04.01.2013 | 01.01.2014 | Општина | |
| "Изведба на атмосферска канализација за решавање на проблемот од главната улица во село Црешево" | 04.01.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| Изведба на фекална канализација заедно со жителите на село Виниче | 04.01.2013 | 01.01.2014 | Општина | |
| Изведба на фекална канализација заедно со жителите на село Смиљковци | 04.01.2013 | 01.01.2014 | Општина | |
| Изведба на фекална канализација заедно со жителите на село Булачани. | 04.01.2013 | 01.01.2016 | Општина | |
| Изведба на фекална канализација заедно со жителите на село Раштак | 04.01.2013 | 01.01.2016 | Општина | |
| Изведба на фекална канализација заедно со жителите на село Страчинци. | 04.01.2013 | 01.01.2016 | Општина | |
| Подобрување на водоводниот систем во населбата Железара | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Решавање на проблемот со ниската и високата зона во Автокоманда | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Подобрување на водоснабдувањето во населбата Ченто, Инџиково, Сингилиќ и Стајковци, во соработка со град Скопје | 01.01.2016 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на водоводна линија на новопроектираниот булевар Хрватска со што ќе се овозможи поврзување на двата постојни доводни цевководи | 01.01.2014 | 31.12.2015 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Реконструкција на водоводната мрежа во населеното место Стајковци, во должина од 5 километри | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на фекален колектор од Инџиково до Тумба Маџари | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на делница од атмосферската канализација на улица Финска | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Довршување на проектот за изградба на прим. фек. кан. во Стајковци | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Влада на РМ | |
| **ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | |
| **1. Имплементирање на најсовремените мерки и стандарди за ЕЕ на сите објекти и инсталации на ОГБ во насока на поголема заштеда на енергија и финансиски средства** | | | | |
| Замена на дотрајани столбови за улично осветлување со нови. | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| "Проект „Димирање“ - регулирање на потрошувачката на електрична енергија на уличното осветлување во периоди кога нема голема фреквенција и во зависност од надворешните услови." | 04.01.2013 | 31.01.2015 | Општина | |
| Поставување нови линии за осветлување на улиците | 04.01.2013 | 04.01.2017 | Општина | |
| Користење алтернативни извори на енергија | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Гасификација на општина Гази Баба | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Буџет на ЕЛС и ВРМ | |
| **МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ЕУ ФОНДОВИ** | | | | |
| **1. Подинамично вмрежување и поврзување со европски општини, институции, и деловни субјекти поради размена на искуство и знаеања и заеднички настап пред европските и меѓународни фондови** | | | | |
| Збратимување со општини заради размена на искуство и заеднички настап пред меѓународните фондови. | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| Искористување на средства од европските фондови за меѓугранична соработка. | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Општина | |
| **СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| **1. Реконструкција и подобрување на постојната сообраќајна инфраструктура во насока на подобрување на условите за живот и работа на жителите, компаниите и домашните и странски гости во ОГБ** | | | | |
| **2. Изградба на нова сообраќајна инфраструктура во функција на унапредување на постојните и развој на нови резидентни, индустриски и рекреативни зони во ОГБ** | | | | |
| Асфалтирање на делница од улицата Индустриска во населеното место Кирил Петрушевски. | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Општина | |
| Изградба на сообраќаен патен јазол (детелинка) на мостот кај Агросервис, во соработка со град Скопје | 01.01.2015 | 31.12.2016 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Реконструкција на локалниот пат Сингилиќ - Црешево | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Влада на РМ | |
| Реконструкција на регионалниот пат од село Смиљковци кон општина Бутел, во соработка со Агенција за државни патишта | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Влада на РМ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на клучка во нас. место Јурумлери над автопатот А1 (Е-75) | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Град Скопје, ЕЛС и ВРМ | |
| Проширување на улицата Маџари, кај пазарот во Ченто | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изработка на проект за изградба на нов мост на реката Вардар и поврзување на булеварот Асном со булеварот Беласица | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Надградба на коловозот од улицата Благоја Стевковски до улицата Перо Наков во населбата Триангла | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на пешачки мост над булеварот Александар Македонски | 01.04.2013 | 31.12.2013 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на мост над булеварот Александар Македонски | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на мостот над булеварот Александар Македонски во населбата Автокоманда (кај Алкалоид) | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Објекти од патна инфраструктура во населбата Хиподром 2 | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Реконструкција на надвозникот во селото Смилјковци | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Град Скопје, ЕЛС и ВРМ | |
| Изградба на паркинг простор за тешки товарни возила на потегот покрај обиколницата | 01.01.2015 | 31.12.2016 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на автопазар на потегот покрај заобиколницата | 01.01.2016 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на делница од еден тротоар по регионалниот пат Р103 на потегот од населено место Ергеле до населено место Дрма | 01.04.2013 | 01.04.2017 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Реконструкција на улицата Маџари во делот од улицата Методија Андонов - Ченто до улицата Благоја Стевковски | 01.04.2013 | 31.12.2014 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на кружен тек на поврзувањето на улицата 16 Македонска бригада со улицата Коце Металец, во соработка со град Скопје | 01.04.2013 | 31.12.2015 | Град Скопје и ЕЛС | |
| Изградба на кружен тек за поврзувањето на улицата Методија Андонов - Ченто со улицата Радован Ковачевиќ, во соработка со град Скопје | 01.04.2013 | 31.12.2016 | Град Скопје и ЕЛС | |